**ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш**

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ - МЕДИЦИНСКИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ

**Радовиш, Февруари 2026**

## ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

**1. Купувач**
Купувач ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш со адреса : Маршал Тито бб ,2420 Радовиш, електронска адреса: tender@bucim.mk

**2. Предмет на набавката**

2.1. Предмет на договорот за набавка е набавка на услуги – медицински услуги од областа на медицина на трудот.
2.2. Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа документација.
2.3. Предметот на договорот е неделив. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни елементи, во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.
2.4. Времетраењето на договорот е за период од 36 месеци по потпишување на договорот од двете договорни страни.

**3. Утврдување на способност**

**3.1. Лична способност**

Секое заинтересирано лице кое сака да учествува во изборот на најповолен понудувач треба да ги исполнува следните услови:

- да биде регистрирано во Централниот регистар на РСМ ;
- да немаат забрана за вршење на дејност или професија;
- да не се капитално управувачки и роднински поврзани со некои од раководните органи или со вработени во правното лице ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш;

Понудувачот за да ја докаже личната способност треба да достави:

- Тековна состојба не постара од 10 дена издадена од страна на ЦРМ на РСМ;
- Тековна состојба за вистински сопственици издадена од ЦРМ на РСМ;
- Потврда од ЦРМ дека не е изречена забрана за вршење дејност;
- Биланс на успех и биланс на состојба издадена од ЦРМ

**3.2. Техничка способност**

Секое заинтересирано лице кое сака да учествува во изборот на најповолен понудувач треба да ги исполнува следните услови:

- Понудувачот да поседува важечка Лиценца за работа на здравствена дејност - Медицина на труд, издадена од Лекарска комора на РСМ како доказ дека се исполнети посебните услови за вршење на дејноста;
- Понудувачот да располага со минимум на лекари специјалисти или да има договор за соработка согласно барањата за лекарскиот преглед:
    - Интернист;
    - Офталмолог;
    - Невролог;
    - Психијатар;
    - Оториноларинголог

- Листа на наведениот персонал со: работно место, име и презиме на докторите, област-специјалност) потпишана од одговорното лице на понудувачот;
- Лиценца за работа за соодветната специјалност за секоја од наведените области на медицинскиот персонал;
- Договор за ангажираните лица од страна на понудувачот и/или потврда (преглед) од Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) (за вработените) не постара од 30 (триесет) дена или важечки договор за соработка;
- Да поседува медицинска опрема и инструменти наведена во техничките спецификации;

Понудувачот за да ја докаже техничката способност треба да достави:

- Лиценца за работа на здравствена дејност - Медицина на труд, издадена од Лекарска комора на РСМ како доказ дека се исполнети посебните услови за вршење на дејноста пропишани со закон
- Листа на наведениот персонал со: работно место, име и презиме на докторите, област-специјалност) потпишана од одговорното лице на понудувачот
- Лиценца за работа за соодветната специјалност за секоја од наведените области на медицинскиот персонал
- Договор за ангажираните лица од страна на понудувачот и/или потврда (преглед) од Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) (за вработените) не постара од 30 (триесет) дена.

**4. Понуда**

Понудата се состои од:

- пополнет образец на понуда
- пополнета листа на цени
- докази за исполнување на личната способност
- докази за исполнување на техничката способност
- Период на важност на понудата ќе изнесува 60 дена од денот на нејзиното доставување;
- **Рок на доставување на документација : 10.03.2026**

**4.1 Начин на доставување на документацијата:**

Понудата се поднесува во согласност со тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог.

Понудувачот во листата на цени ја внесува цената за секоја позиција поединечно.

Понудата се поднесува во електронска форма и истата треба да биде електронски потпишана со користење на дигитален сертификат од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице. Понуди потпишани со дигитален сертификат чиј носител е лице кое нема никакво овластување за потпишување на понуда ќе бидат отфрлени како понуди со формални недостатоци.

Документите издадени од Централен регистар на РСМ треба да се електронски потпишани од страна на издавачот.

Електронската адреса за доставување на понуда и документација: **tender@bucim.mk**

Предмет (Subject) на пораката: **TEN-017**

Сите документи се доставуваат само по електронски пат. Документација пратена на друга електронска адреса или доставена во хартиена форма нема да се разгледува и ќе се смета за неуредно доставена документација што води кон дисквалификација на понудувачот.

По завршување на изборот за најповолен понудувач сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат известени за одлуката за прифаќање / одбивање на доставената понуда.

Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

**5. Задолжителни елементи од договорот за набавка**

**5.1. Начин на плаќање**

Се предвидува следниов начин на плаќање: одложено плаќање во рок од 60 дена по достава на фактура за извршената услуга. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена.

### 5.2. Рок и место и начин на испорака

Понудувачот е должен да го извршува предметот на договорот на територија на ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш. Местото на извршување на услугите е задолжително. Секоја понуда која содржи место на извршување на услугите поинакви од тоа утврдено во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена.

### 5.3. Разлики во цена (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за набавка.

### 5.4. Авансно плаќање

За извршување на договорот за набавка не е дозволено авансно плаќање.

# Технички спецификации

## Опис на услугата

- Обезбедување на две физички локации со медицински персонал и услуги
- Обезбедување тросменска 24/7 медицинска покриеност со медицински персонал
- Периодични систематски прегледи (основни и проширени) за вкупно околу 600 до 700 вработени

Периодичните систематски прегледи на вработените да се вршат согласно Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените (Сл. весник на РМ бр. 60/13), се вршат како:

- претходни прегледи
- периодични прегледи
- насочени прегледи и
- систематски прегледи

Со споменатата Уредба утврден е ценовникот на здравствените прегледи на вработените.

- Специфични систематски прегледи (женско здравје, машко здравје, здравје на припадници на чета за заштита и спасување (лица кои се повремено се изложени на исклучителни физички напори), внатрешни органи, дишни органи, коронарни болести итн);
- Сменски прегледи на почеток на смена (мерење на крвен притисок, глукоза во крвта, телесна температура, пулс и алко тест на група на од околу 20 вработени);
- Итни интервенции (прва помош во амбуланта за полесни повреди и прва помош на терен при посериозни повреди);
- Водење медицинска евиденција (евиденција за направени прегледи, интервенции, детална медицинска документација за вработените, професионални заболувања, изготвување на извештаи и упати за медицински прегледи и останата документација потребна според важечката законска регулатива);
- Придружба и транспорт на повредени лица до најблиска здравствена установа способна да го превземе понатамошното лекување на повредениот;
- Консултативни и медицински услуги од доктор по медицина на трудот доколку се појават здравствени проблеми и потреби кај поединци или група на вработени или доколку работодавецот има потреба од дополнителни информации и услуги поврзани сообласта од медицина на трудот;
- Месечни извештаи за општата здравствена состојба на вработените (анонимизирани, агрегирани податоци, трендови, ризици, индикатори по сектори/работни места);
- Периодични психофизички проценки на работоспособноста;
- Психолошки скрининг и тестирања за психофизичка стабилност, концентрација, реакција, замор и стрес;
- Програми за превенција на професионални заболувања;
- Програми за ментално здравје и психосоцијална поддршка;
- Водење на дневни бази на интервенции;

## Персонал

Понудувачот да располага со минимум на лекари специјалисти согласно барањата за вршење на лекарските прегледи:

- Интернист
- Офталмолог;
- Невролог;
- Психијатар;
- Оториноларинголог

Секоја смена мора да биде покриена со минимум една медицинска сестра/техничар со минимум 5 години работно искуство во областа на итни медицински интервенции и доктор на повик достапен 24/7 за консултации при интервенција на медицинските сестри/браќа.

Медицинскиот персонал потребно е да биде облечен во јасно распознатлива унифицирана униформа која ќе биде соодветна и за работа во амбуланта и за работа на терен во руднички комплекси во зависност од временските услови.
Доколку работодавачот располага со медицински персонал (медицински сестри/техничари) кои се вработени во неговата организација, тогаш понудувачот е должен да го превземе овој персонал во својата организација под истите услови кои ги имаат кај работодавачот

**Медицинска опрема и материјали**

Корисникот на услугите располага со соодветни простории и возило за прва помош.

**Минимална задолжителна медицинска опрема и медицински материјали**

Итни медицински интервенции:

- Автоматски надворешен дефибрилатор (AED)
- Кислородна боца (минимум 5 литри) со редуктор, маски и назални канили
- Амбу балон (возрасен) со резервни маски
- Аспиратор (рачен или електричен)
- Носила (склопливи)
- Имобилизациски шини за екстремитети

Мониторинг на витални функции:

- Професионален апарат за мерење на крвен притисок
- Пулс-оксиметар
- Термометар
- Глукометар со тест ленти
- Стетоскоп
- Часовник или хронометар со секундарник

Контрола на алкохол:

- Алкотестер (професионален уред за детекција на алкохол во здив, со можност за активно и пасивно мерење, тип Дрегер или соодветен еквивалент со валиден сертификат за калибрација. Еднократни мундштуци

Потрошен материјал:

- Стерилни и нестерилни гази
- Компреси
- Завои (еластични, ролни, триаголни)
- Самолепливи завои и фластери
- Турникет
- Хемостатски завои

Антисептици и заштитни средства:

- Средства за дезинфекција на кожа
- Средства за испирање на очи
- Средства за дезинфекција на површини
- Ракавици за еднократна употреба
- Заштитни маски
- Заштитни очила
- Заштитна мантили или престилки

Инструменти:

- Медицински ножици
- Пинцети
- Медицинска лампа (пенлајт)

- Шпатули за јазик
- Изотермичко (термално) ќебе

Документација:

- Регистар за медицински прегледи
- Регистар за повреди на работа
- Обрасци за прва помош
- Протоколи за итни медицински состојби
- Листа на итни телефонски контакти

Канцелариски материјали:

- Хартија
- Печатач
- Компјутер
- Алатки за пишување
- Маси и бироа
- Столици
- Други неспомнати материјали потребни за непречено работење.

Амбулатна опрема

- Кревет за медицински интервенции и прегледи
- Шкавчиња и ормари
- Паравани
- Друга неспомната опрема потребна за непречено работење

Медицински отпад:

Медицинскиот отпад спаѓа во групата на опасен одпад. Понудувачот се смета за „создавач“ на отпадот во просториите на Нарачателот и ја презема целосната законска одговорност за негово евидентирање, пакување и предавање.и истиот е потребно да достави договор со валиден оператор за депонирање на медицински опасен отпад.

Напомена:

- Целата опрема мора да биде функционална, исправна и редовно одржувана.
- Потрошниот материјал мора да биде со важечки рок на употреба.
- Апаратурата мора да има валидна калибрација каде што е применливо, за што треба понудувачот да поседува соодветен доказ.
- Понудувачот е должен да достави изјава и список на опрема како доказ.

Непочитување на ова поглавје претставува основ за отфрлање на понудата.

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот број **017** објавен од страна на ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш , за доделување на договор за набавка на услуги – медицински услуги од областа на медицина на трудот, ја поднесуваме следнава:

**ПОНУДА**

**1. Општ дел**

| Име на понудувачот (фирма) | |
|---|---|
| Адреса: | |
| Телефон: | |
| Факс: | |
| Е-пошта: | |
| Лице за контакт: | |
| Мобилен телефон на лицето за контакт: | |
| III.1.3. Одговорно лице (директор/управител): | |
| III.1.4. Даночен број: | |
| ЕМБС: | |

Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за набавка согласно со цените дефинирани во Листата на цени.
Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација.
Ги прифаќаме местото и рокот и начинот на извршување утврдени во тендерската документација.

**2. Техничка понуда**

**3. Финансиска понуда**
3.1. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:
Листата на цени е дадена во прилог на тендерската документација.
3.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
3.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Прилог :
**- листа на цени**

Место и датум
______________________________

Одговорно лице*
______________________________
(име и презиме)

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него. Кога електронски потпишува овластеното лице, тогаш се пополнува со генералии од одговорното лице, а електронскиот потпис е од овластеното лице.*

**Листа на цени**

| Опис | единечна мерка | единечна цена без ДДВ | единечна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|
| Месечен надомест за медицински услуги | 1 | | |